| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за касарна Страшо Пинџур - Аеродромска полициска база - Брест во КО Кадино и КО Мралино, Општина Илинден |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.<br>*број на овластување О.0382* |
| Назив на работното место | Раководител на Сектор за урбанистичко планирање |
| Контакт податоци за лицето | 075/402-531 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за касарна Страшо Пинцур - Аеродромска полициска база - Брест во КО Кадино и КО Мралино, Општина Илинден,** се изработува врз основа на:<br>• Член 17 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 40/25, 101/25 и 127/25),<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25),<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2023 година (Сл. Весник на РСМ 37/23 и 65/23),<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2024 година (Сл. Весник на РСМ 15/24),<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2025 година (Сл. Весник на РСМ 25/25) во делот III, точка 17.<br>• Студија за оправданост – Евалуација на просторните потенцијали и можностите за планирање на комплекс во функција на Аеродромска база – Брест, изработена од Агенција за планирање на просторот (ноември 2024) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со оваа урбанистичко-планска документација, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија 2002 - 2020, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија.<br>Следствено, за локацијата која е предмет на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за касарна Страшо Пинцур - Аеродромска полициска база - Брест во КО Кадино и КО Мралино, Општина Илинден, издадени се услови за планирање на просторот, со технички бр.Y17324 и Решение за Услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 834/2024 од 22-04-2024г. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |
| |

| Да / Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
|---|
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| |

Диспозицијата на новиот комплекс во однос на градот, пристапноста до него, големината и капацитативноста на идната градежната парцела и градбите, претставуваат услови кои треба во иднина да бидат водилка за програмирање на потребните содржини во планско-проектната фаза на комплексот на Аеродромската база во општина Кадино и општина Мралоно во Скопје. Предвидената локација во Скопје граничи со неизградено градежно земјиште, но и со Меѓународниот аеродром што исто така е од големо значење за овој комплекс.
Да за планскиот документ не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 и член 66 од Законот за животна средина

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Главната цел на урбанистички план е да овозможи создавање на подобри услови и дополнување на содржините на Аеродромската база. Урбанистичкиот план треба да ги објективизира тенденциите на просторниот развој на предложената локација, од аспект на правната, општествената, економската, еколошката и просторно – планерската оправданост за реализација, а кои претходно се анализирани и дефинирани како плаузибилни во Студијата за оправданост – Евалуација на просторните потенцијали и можностите за планирање на комплекс во функција на аеродроската полициска база – Брест (ноември 2024г.) изработена од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а за потребите на предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.
Целта на урбанистичкиот план е со соодветна методологија и аргументација за квалитетот на планското решение да ги дефинира правилата во вид на плански одредби, кои ќе се однесуваат на изработката на проектните документации и реализацијата на комплексот со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на аеродромската база - Брест.
Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,
- да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната планирана градежна парцела.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2024-2034 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Површината на планскиот опфат изнесува 290287.9765m$^2$или 29,029ha.
Границата на планскиот опфат, на север се движи низ КП 214/1 КО Кадино, КП 217 КО Кадино, КО 219/1 КО Кадино, продолжува на исток по границата на КП 219/1 КО Кадино, КП 220/1 КО Кадино, КП 220/27 КО Кадино, КП 220/47 КО Кадино, КП 220/32 КО Кадино, КП 220/5 КО Кадино, КП 220/4 КО Кадино и КО 1/8 КО Мралино.




На југ, границата на планскиот опфат ја следи границата на катастарските парцели, КП 1/8 КО Мралино, КП 220/4 КО Кадино, КП 220/58 КО Кадино, КП 220/9 КО Кадино, КП 220/10 КО Кадино, КП 220/11 КО Кадино, на запад продолжува да се движи по границата на КП 220/11 КО Кадино, КП 220/10 КО Кадино, КП 220/8 КО Кадино, КП 220/32 КО Кадино, КП 220/47 КО Кадино, ја сече КП 1633/2 КО Кадино, КП 220/1 КО Кадино и продолжува по границата на КП 219/1 КО Кадино.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:

- Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на аеродромската полициска база, може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на | Веројатноста од појава на негативни влијанија е извесна. Времетраењето е краткотрајно и се очекува истите да бидат |

| | |
|---|---|
| влијанијата; | присутни само при изградба на базата. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според официјалните податоци од Заводот за статистика на Република Македонија и последниот Попис на населението од 2002 година, општина Илинден брои 15.894 жители, зафаќа површина од 97,02 км$^2$ и има густина на населеност од 163,82 жители на км$^2$. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Поволната географскаta положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Според податоци добиени од Министерство за култура, управа за заштита на културно наследство достави одговор (арх. бр. 17-1607/2 од 25.04.2024г., наш број 09-554/31 од 17.05.2024г.) со констатација дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследвсво.<br>Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 и член 66 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр: 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека во рамки на планскиот опфат се наоѓа постојната аеродромска полициска база. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Аеродромската база е со огромно стратешко значење на државно, но и регионално и меѓународно ниво. Просторните капацитети во кои се извршуваат работните задачи и активности мора да бидат реализирани на највисоко безбедносно и стратешко ниво. Изградбата на нови објекти во функција на аеродромската база и континуираното унапредување и имплементирање на стандардите за развој на секое ниво се задолжителни и обврзни. Сегашните градби и простории во кои институцијата работи не овозможуваат максимално задоволување на стандардите па затоа се јавува потреба за нејзино обновување и доградба.

Имајќи во предвид дека планираните содржини во рамките на комплексот не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, не се очекуваат значајни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. Во фазата на изградба на предвидените содржини во граници на планскиот опфат, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. Во периодот на реализација потребно е да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии согласно законската регулатива.

При проектирање и изградбата на објектите ќе се имплементираат принципите на енергетска ефикасност и ќе се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во непосредна близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе придонесе за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
Придонес во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Бидејќи постојната состојба во градот Скопје укажува на присуство на загадувачки материи во воздухот над максимално дозволените концентрации, преку идното хортикултурно уредување на парцелата, дрвјата и вегетацијата можат во голема мера да придонесат за редукција на загадувањето на воздухот, преку отстранување на присутните полутанти и имаат значајна улога и во намалување на локалната температура на воздухот. Од тие причини, потребно е да се стави акцент на зголемување на процентуалната покриеност на зелените површини во

| |
|---|
| рамките на подрачјето од интерес и во негова непосредна близина, но да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи, а согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на околниот простор. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Услови за планирање на просторот,<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.<br>Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | |

| | |
|---|---|
| | Министер<br>Александар Николоски |
| Бр. 67-1093/15<br>Датум: 17.09.2025 година<br>Место: Скопје | М.П. |